# Вовед
# во изборниот предмет

## I.1 Поделба на светските јазици во групи и семејства

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Изготвил: Ненад Начковски

# Што ќе изучуваме по изборниот предмет ***Класичната култура во европската цивилизација?***

- Изборниот наставен предмет ***Класичната култура во европската цивилизација*** се предава со **два часа** во тек на работната недела.
- Предметот има **6** теми. Во тие 6 теми ќе ја изучуваме материјалната и духовната култура на старите Хелени и Римјани, нивната писменост, книжевноста, уметноста, митологијата, секојдневниот живот и античкото наследство на хеленската и римската култура во Македонија.
- Проверувањето и вреднувањето на знаењата ќе се одвива преку домашни задачи, креативни изработки, истражувачки трудови, усна и писмена проверка (тематски тест).

**Стар Хелен, тој ќе нè учи за далечното славно минато**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# I тема: Класични јазици
## 1 лекција: Поделба на светските јазици во групи и јазични семејства



- Речиси најголемиот процент од светските јазици имаат заедничко потекло;
- Во светот постојат точно 7117 јазици (живи и мртви) според веб-порталот *Ethnologue* кој ги истражува јазиците;
- Околу 40% од јазиците во светот се во фаза на изумирање затоа што има мала бројка на население што зборува на нив, околу 1000 говорители;
- Од светското население (околу 7 милијарда луѓе), само половината зборува на 23 јазици;
- Најмногу говорители во светот зборуваат на англиски јазик, а зад нив следуваат говорители на мандарински, хиндустански, шпански, француски, стандардниот арапски и др.;

- Сите светски јазици се поделени во 4 групи според нивното заедничко потекло:

а) **индоевропска**

б) **урало-алтајска**

в) **семитско-хамитска**

г) **кавкаска**

- Најбројна група со говорители денес е **индоевропската**;
- Македонскиот јазик и многу други признати светски јазици спаѓаат во **индоевропската група**;
- **Во индоевропската група спаѓаат и двата изумрени јазика на коишто зборувале старите Хелени (старогрчкиот јазик) и старите Римјани (латинскиот јазик)**.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Индоевропската група на јазици има свои семејства во кои се разграниле многу јазици




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Домашна задача:

## Изработете цртеж на бел лист од тетратка со стебло на јазици од романско, словенско, германско или индоиранско семејство

- На стр. 7-8 во учебникот ви се наведени јазиците кои спаѓаат во некое од тие семејства;
- Нацртајте го стеблото (јазичното семејство) и набројте ги јазиците кои се разгранети по стеблото;
- Откако ќе го исцртате, фотографирајте го цртежот.


в) *Словенско семејство* (старословенски, руски, украински, белоруски, чешки, словачки, полски, српски, хрватски, македонски, словенечки, бугарски);
г) *Италско семејство* (латински, оско-умбриски, фаликиски, венетски и др.)
д) *Германско семејство* (стариот готски јазик, германски, англиски, шведски, дански, норвешки, холандски и др.);
ѓ) *Келтско семејство* (ирски, шкотски, велшки);
е) *Романско семејство* (италијански, француски, шпански, португалски, романски и др.).



Во индоевропската група јазици, како одделни јазици, спаѓаат и грчкиот, албанскиот, ерменскиот и други јазици.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Пример од ученик за изработен цртеж со стебло на јазично семејство

- Ученикот го нацртал стеблото на јазици од романското семејство. Во основата на јазиците од романското семејство лежи **латинскиот јазик.**





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND